РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 03-5251/1
03.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ТРД што емитуваат радио програмски сервиси**

**Предмет: Известување за можност за доброволно пријавување за емитување домашна музика во 2026 година**

Почитувани,

Според член 80 ставови 7 и 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

*(7) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца.*

*(8) Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%.*

Согласно *Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика* бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година, радијата се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 до 00 часот, со жанровска одредница каква што пријавиле во Програмскиот концепт, којшто е составен дел од нивната дозвола за радио емитување.

Доколку се одлучите да емитувате домашна музика во 2026 година, со цел намалување на Вашиот надоместок за дозвола, Ве молиме тоа да го пријавите во Агенцијата најдоцна до 5-ти јануари 2026 година.

Потсетуваме дека доколку Агенцијата во текот на годината со надзор утврди дека не го емитувате доброволно пријавениот процент музика на македонски јазик и на јазиците на етничките заедници, ќе треба да го доплатите износот за којшто на почетокот од годината ќе Ви биде намален надоместокот за дозвола за 2026 година.

Вашите пријави (со печат и потпис) испраќајте ги на следниот е-маил: contact@avmu.mk

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

.............................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје